СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-417/3
Скопје, 27.03.2024 г.

# ЗАПИСНИК

од **втора редовна седница** на Извршниот одбор на СКМ,
одржана **на ден 13.12.2023 година**

На **втората редовна седница** на Извршниот одбор на СКМ, присуствуваа следните членови и тоа:

1) д-р Мирлинд Селими,
2) д-р Димитар Малешевски,
3) д-р Арбен Асани,
4) д-р Анета Мијоска,
5) д-р Оливер Манасиев,
6) д-р Фатмир Ахмеди,
7) д-р Седат Алиу,
8) д-р Константин Гетов,
9) д-р Ѓорѓи Ников
10) д-р Марина Прентовска.

Оправдано отсутен беше д-р Дејан Ристевски, а д-р Анета Мијоска најави доцнење.

На седницата присуствуваше и претседателот на Комората - д-р Маријан Денковски и неговите заменици: д-р Јордан Стојаноски и д-р Агрон Пашоли, како и претседателот на Надзорниот одбор – д-р Коста Изов и претседателот на Собранието - д-р Борис Стојанов.

Седницата започна во **13:00 часот**, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор, д-р Мирлинд Селими, кој го прочита предлог-дневниот ред, го стави на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следните точки:

## ДНЕВЕН РЕД

Усвојување на предлог-дневен ред;

1. Разгледување и усвојување на Предлог-записник од првата редовна седница, одржана на ден 20.09.2023 година;
2. Разгледување на Барање од фармацевтски компании бр. 03-1329/1 од 05.12.2023 г.
3. Разгледување на Известување од РО Прилеп бр. 24-1104/1 за членови на Комисија за редовен стручен надзор;
4. Разгледување и усвојување на Предлог-листа на годишниот план за редовен стручен надзор за 2024 година и донесување на Годишен план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2024 година;
5. Разгледување и потврдување на Листа на регионални комисии за редовен стручен надзор за 2024;
6. Разгледување на доставени пријави и дополнување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за полагање на стручниот испит кој го спроведува Стоматолошката комора на Македонија *(Марија Манева Ристовска, Абдил Изаири);*
7. Разгледување и дополнување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за дополнителна проверка на знаења;
8. Информација за законски измени кои се однесуваат на докторите на стоматологија;
9. Разгледување на предлог бр.17-1006/4 од 26.09.2023 од Комисијата за стручни стоматолошки прашања за зголемување на висината на дневници;

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk

10. Разгледување на предлог бр.17-1006/3 од 26.09.2023 г. од Комисијата за стручни стоматолошки прашања за утврдување надомест за повторно разгледување на барање за акредитација;
11. Разно:

- Разгледување на ИНИЦИЈАТИВА за дополнување на Правилникот за управување со Фондот за взаемна помош бр. 02-802/6 од 06.09.2023 г.;
- *Разгледување на предлог за измена на Ценовник за плаќање на услуги на СКМ (трошоци за дополнителна обука и проверка);*
- *Разгледување на Извештај од Секторот финансии на СКМ за платен надомест за повторно зачленување.*

1) **Разгледување и усвојување на Предлог-записник од првата редовна седница, одржана на ден 20.09.2023 година;**

Претседателот на Извршниот одбор го стави на гласање Предлог-записникот од **првата редовна седница, одржана на ден 20.09.2023 година,** а истиот беше едногласно усвоен од присутните членови.

2) **Разгледување на Барање од фармацевтски компании бр. 03-1329/1 од 05.12.2023 г.**

На седницата се разгледа Барањето од група фармацевтски компании, заведено во Стоматолошката комора на Македонија со арх. бр. 03-1329/1 од 05.12.2023 г.

По кратка дискусија, барањето беше усвоено од членовите на ИО, а дистрибуцијата на писма за здравствените работници (DHPC) кои содржат безбедносни информации за лековите од страна на Стоматолошката комора на Македонија кон своите членови ќе се врши по договор со фармацевтските компании-подносители на барање.

3) **Разгледување на Известување од РО Прилеп бр. 24-1104/1 за членови на Комисија за редовен стручен надзор;**

Членовите на ИО го разгледаа Известувањето со арх. бр. 24-1104/1 од 10.10.2023 г., доставено од дел од членовите на РО Прилеп. Во Известувањето е посочено дека поради здравствени причини, д-р Сашо Димитриески-специјалист по максилофацијална хирургија (кој во меѓувреме почина), предлагаат нови членови на Комисијата за стручен надзор. Воедно ја известуваат Комората дека д-р Велко Папакоча кој е член на РО Прилеп не е достапен за комуникација.

Во една ординација во која не е извршен редовен стручен надзор предвиден со Годишниот план за 2023 г. поради неможност на доктор-специјалист да учествува во работата на Комисијата, беше одлучено редовниот надзор во таа ординација да се спроведе со дополнување на член на Комисијата предложен од РО Прилеп, односно д-р Цвета Тулеска.

4) **Разгледување и усвојување на Предлог-листа на годишниот план за редовен стручен надзор за 2024 година и донесување на Годишен план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2024 година;**

Членовите на ИО ги разгледаа Листите на членови на Комисиите за спроведување на редовен стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници за 2024 година, предложени од Регионалните одбори на СКМ и одлучија истите да ги потврдат.

Комисиите ќе бидат надлежни за спроведување на Годишниот план за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници за 2024 година, по добивањето на согласност од министерот за здравство.

5) **Разгледување и потврдување на Листа на регионални комисии за редовен стручен надзор за 2024;**

Членовите на ИО едногласно го усвоија ГОДИШНИОТ ПЛАН за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2024 година, кој ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за здравствената заштита и Правилникот за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници.

Примерок од ГОДИШНИОТ ПЛАН за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2024 г., ќе се достави до Министерството за здравство на Република Северна Македонија, заради добивање на **согласност од министерот за здравство**. Спроведувањето на ГОДИШНИОТ ПЛАН за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2024 година ќе започне по добивањето на согласност од министерот за здравство.

6) **Разгледување на доставени пријави и дополнување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за полагање на стручниот испит кој го спроведува Стоматолошката комора на Македонија**

Се разгледа Пријавата за член на испитна комисија за стручен испит доставена од науч. соработник д-р *Марија Манева Ристовска. Членовите на ИО едногласно одлучија дека според доставените докази во прилог на пријавата, д-р Марија Манева Ристовска во целост ги исполнува условите за член на* испитна комисија за стручен испит.

*Пријавата доставена од д-р Абдил Изаири не се разгледуваше поради доставена непотполна документација во прилог.*

Листата на испитувачи - членови на испитни комисии за полагање на стручен испит за доктори на стоматологијата се дополнува со **науч. сор. д-р Марија Манева Ристовска – специјалист по ортодонција**, која до Стручната служба на Комората доставила Пријава за член на испитна комисија.

7) **Разгледување и дополнување на Листа на испитувачи кои ќе бидат членови на испитна комисија за дополнителна проверка на знаења;**

*Членовите на ИО едногласно одлучија* Листата на испитувачи - членови на испитни комисии за проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата да се дополни со горенаведениот доктор, науч. сор. д-р Марија Манева Ристовска – специјалист по ортодонција.

8) **Информација за законски измени кои се однесуваат на докторите на стоматологија;**

➢ Претседателот на Комората, д-р Денковски, ги извести членовите на ИО дека по повеќемесечни дијалози на Комората со Министерството за здравство и законодавната власт, Собранието на Република Северна Македонија, на седница одржана на 2-ри ноември 2023 година, ги донесе **измените и дополнувањата на *Законот за здравствената заштита*** *(член 231 став 11 и нов став 17)*, а истите се објавени во ***"Службен весник на РСМ"* бр. 236 од 08.11.2023 година.** Со усвојување на овие измени и дополнувања, се оствarија заложбите на Стоматолошката комора на Македонија, а по барање на стоматолозите, за можност за наследување на концесија на простор во ЈЗУ од доктор вработен најмалку една година во истото ПЗУ.

Имено, се изменува и дополнува **член 231 од Законот за здравствената заштита,** кој се однесува на <u>**Давање на лиценца за користење простор или опрема на јавна здравствена установа**</u> и тоа:

- **во член 231 став (10)** зборовите: *„доделување на лиценца склучува договор за лиценца"* се заменуваат со зборовите: ***„вршење дејност во мрежата на здравствени установи издава решение за вршење дејност во мрежата со кое се доделува лиценцата",*** по што став (10) гласи:

*"(10) При доделување на лиценца на здравствените установи во кои работат избраните лекари не се спроведува постапка за доделување на лиценца, односно Министерството за здравство врз основа на барање за* ***вршење дејност во мрежата на здравствени установи издава решение за вршење дејност во мрежата со кое се доделува лиценцата****, доколку во мрежата на здравствени установи не е исполнет максималниот број на тимови за соодветната здравствена дејност и територија."*

*"Ако при доделувањето на лиценца се користи простор или опрема на јавна здравствена установа потребна за вршење на соодветната дејност на носителот на лиценца, постапката за давањето на просторот или опремата под закуп ја спроведува јавната здравствена установа врз основа на одлука на управниот одбор на јавната здравствена установа и писмена согласност од Министерството за здравство. " (член 231 став 11)*

- во член 231 по ставот (16) се додава **нов став (17)**:

*По исклучок* од ставот (11), *ако е доделена лиценца за користење простор или опрема на јавна здравствена установа на здравствена установа која треба да престане со работа со денот на исполнувањето на услови за остварување на* ***старосна пензија на здравствениот работник на кого му се издадени под закуп просторот и опремата, односно на негово барање*** *(согласно со членот 318 од овој закон),* ***а во установата работи и втор тим, чиј носител на дејност е со работен стаж од најмалку една година во установата, јавната здравствена установа не спроведува постапка за давање на просторот или опремата под закуп****, а просторот и опремата потребна за вршење на соодветната дејност се доделува на носителот на дејноста од вториот тим вработен во здравствената установа, врз основа на одлука на Управниот одбор на јавната здравствена установа и писмена согласност од Министерството за здравство, кои ќе одговорат на барањето најмалку три месеци пред да престане со работа актуелниот концесионер, согласно со членот 318 од овој закон.*

➢ Со старото законско решение за вршење **дополнителна дејност** беше овозможено вршење на истата само од јавно во јавно здравство, но не и во приватното здравство и обратно.

Со усвојување на измените на **член 222, 223 и 224 од Законот за здравствената заштита**, а кои се однесуваат на дефиниција на **дополнителната дејност и услови за вршење на истата во јавна здравствена установа**, прифатени се барањата на Стоматолошката комора на Македонија за можност за вршење на дополнителна дејност на сите нивоа на здравствена заштита, односно дополнителната дејност да може да се извршува и од јавни во приватни здравствени установи и обратно.

***Законот за изменување на законот за здравствената заштита*** Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седница од 11-ти декември 2023 година, а објавен е во ***"Службен весник на РСМ" бр. 263 од 12.12.2023 година. членот 222*** од Законот за здравствената заштита, кој се однесува на вршење **дополнителна дејност**, се менува и гласи:

*„(1) Здравствените работници -* ***специјалисти вработени во јавна здравствена установа*** *кои вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена дејност, со* ***над две години работно искуство во специјалноста****, можат да укажуваат здравствени услуги како дополнителна дејност по редовното работно време и согласно со нивната лиценца за работа* ***во јавната здравствена установа каде што се вработени или во друга јавна или приватна здравствена установа*** *која е регистрирана за истата дејност, при што здравствената услуга ја укажуваат самостојно или во тим, предводен од здравствениот работник - специјалист, составен од здравствени работници и други вработени во здравствената установа во која се врши дополнителната дејност (здравствени соработници и/или помошно-технички лица) кои учествуваат во дополнителната дејност (во натамошниот текст: тим за дополнителна дејност).* Ова законско решение е во сила од 12.12.2023 година.

- Претседателот Денковски ги извести присутните дека се очекува Собранието на РСМ во брзо време да ги усвои и предложените измени на ЗЗЗ кои се однесуваат на **минималниот ценовник**, односно истиот да биде акт чија надлежност за носење ќе ја има Собранието на Комората.
- Уште едно од отворените прашања за чија законска измена се залага Комората е можноста за основање на стоматолошки **поликлиники** во чиј состав ќе може да биде ординација по општа и специјалистичка ординација.
- **Зголемување на референтните цени за здравствени услуги во специјалистичко-консултативна здравствена заштита**: Со одлука на Управниот одбор на ФЗОРСМ од 27.11.2023 година покачени се цените на услугите во орална хирургија, протетика и ортодонција, но воведени се и нови услуги. Се очекува да се зголемат и лимитите во секоја од специјалностите.

**9) Разгледување на предлог бр.17-1006/4 од 26.09.2023 од Комисијата за стручни стоматолошки прашања за зголемување на висината на дневници;**

Се разгледа Предлогот на Комисијата за стручни стоматолошки прашања за зголемување на висината на дневници, а Извршниот одбор утврди надомест во износ од **1.500,00 денари** за присуство на седници и/или работни состаноци на делегатите на Собранието на Комората, членовите на Извршниот одбор, Надзорниот одбор, претседателот и членовите на Судот на честа, Обвинителот и Бранителите на Комората, како и членовите на постојаните и повремените комисии на Стоматолошката комора на Македонија. Исто така, Извршниот одбор утврди и надомест во износ од **2.000,00 денари** за присуство на овластено лице **(супервизор)** на облик за континуирано стручно усовршување. Овластеното лице со решение го утврдува Комисијата за стручни стоматолошки прашања за секој настан одделно.
Пресметка и исплата на надомест по зголемени цени ќе се спроведува од 01.01.2024 година.

**10) Разгледување на предлог бр.17-1006/3 од 26.09.2023 г. од Комисијата за стручни стоматолошки прашања за утврдување надомест за повторно разгледување на барање за акредитација;**

Извршниот одбор, на предлог на Комисијата за стручни стоматолошки прашања, утврди **надомест за повторно разгледување на барање за организирање на облик на континуирано стручно усовршување**. Висината на надоместот за повторно разгледување на некомплетно барање за организирање на облик на КСУ од организатор се утврдува на износ од **9.000,00 денари.** Комисијата, по утврдување на недостатоците во барањето, истото треба да го врати на дополнување кај организаторот. Организаторот, при повторно поднесување на истото барање на разгледување до Комисијата, должен е да го плати надоместот за повторно разгледување најдоцна до денот на одржување на седница за Комисијата за стручни стоматолошки прашања. Оваа одлука ќе почне да се применува од 01.01.2024 година.

**11) Разно:**

- На иницијатива на неколку членови на Извршниот одбор, членовите одлучија да се зголеми вредноста на еден бар-код за **облици на теоретско практична едукација** (курс) и да изнесува **1.000,00 денари.** Стручната служба да изготви формална одлука.

- **Разгледување на ИНИЦИЈАТИВА за дополнување на Правилникот за управување со Фондот за взаемна помош бр. 02-802/6 од 06.09.2023 г.;**

Претседателот на Комората поднесе иницијатива за дополнување на Правилникот за управување со Фондот за взаемна помош бр. 02-802/6, односно да се предвиди можност средствата од Фондот да може да се користат за теоретско-практични обуки на вештините на СБМО. По однос на оваа иницијатива се отвори дискусија и се истакнаа поделени мислења меѓу членовите на ИО. Дел од нив сметаат дека средствата од Фондот за взаемна помош треба да се користат за истите намени како и

досега (болест, раѓање/посвојување на дете, смрт), а дел од нив сметаат дека средствата може да се користат и за стручно усовршување. Иницијативата да се достави до Комисијата за статутарни и правни прашања, кој има надлежност да подготвува измени и дополнувања на актите на Комората, а потоа да се разгледува на седница на Извршниот одбор.

- ***Разгледување на предлог за измена на Ценовник за плаќање на услуги на СКМ*** *(трошоци за дополнителна обука и проверка);*

  Поради зголемување на цената на бар-кодовите, а со цел да се поттикнат членовите да посетуваат стручни настани, членовите на ИО предложија да се зголеми и цената на испитот за проверка на стручните знаења и способности на доктори на стоматологија кои имаат потребен стаж, но **немаат бодови** од континуирана стручна едукација од точка 7 став 2 од Ценовникот на услуги на Стоматолошката комора на Македонија. Беше предложено **цената на испитот** да се зголеми од 27.500,00 на **35.000,00 денари.** Предлогот беше едногласно усвоен. Согласно усвоените измени, да се изготви формална одлука и да се направат измени и во Ценовникот на услуги на СКМ.

- На предлог на Претседателот на Комората, членовите на Извршниот одбор отворија дискусија за покачување на платите на вработените во Стручната служба на Комората. Д-р Денковски презентираше извештај за издатоците за плата и предложи **основната плата** на раководителите на сектори и на претседателот на Стоматолошката комора на Македонија да се зголеми за 15%, а на стручните соработници за 20%. Претседателот на ИО го стави предлогот на гласање, а истиот беше усвоен едногласно од присутните членови на ИО. Да се задолжи сметководството да ја спроведе оваа одлука, со примена со пресметката за платата на вработените за месец јануари 2024 година.
- Д-р Денковски предложи во иднина да се зголеми членарината во Комората од сегашните 1500 денари на 2500 денари. Во врска со предлогот се отвори дискусија меѓу членовите, а предлогот треба да се разгледа на седница на Собранието на Комората, кое одлучува за висината на членарината.
- Д-р Денковски предложи да се донесе одлука за одобрување на службени патувања во 2024 година на претставници на Стоматолошката комора на Македонија, кои ќе се реализираат на покана на партнерските комори од К4 групата, останатите партнерски комори од регионот и меѓународните асоцијации во кои членува СКМ, на ист начин како и за претходните години. Предлогот беше едногласно усвоен, по што ќе се изготви и формална одлука.
- Д-р Денковски ги извести членовите на ИО дека со Медицинскиот симулациски центар е склучен Меморандум за соработка.
- Претседателот на СКМ исто така извести за постапките кои се водат пред Управен суд, а се однесуваат на спроведените избори за претседател и членови на Собранието на СКМ. За дел од постапките се донесени првостепени пресуди во корист на Комората.
- За 2024 година акредитирани се вкупно 27 стручни настани, од кои 4 конгреси, а ќе ги организираат акредитираните друштва и здруженија.

Откако беа исцрпени сите точки за дискусија, претседателот на ИО ја затвори седницата во 15:10.

*Записничар,*

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател на Извршен одбор на СКМ,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

*Содржината на овој Записник е од интерен карактер за телата и органите на Стоматолошката комора на Македонија и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.